Leaders for Education, Activism and Development

# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

КАКВА ПРОМЕНА НАПРАВИВМЕ ВО 2020?

## НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ

Веруваме во лична одговорност кај луѓето за:

- Средината во која живееме
- Работите за кои се нафаќаме
- Состојбата во која се наоѓаме

## МОЖНОСТИ КОИ ГИ НУДИМЕ

### ЕДУЦИРАЈ СЕ!

01

Преку нашите програми за стекнување на вештини за млади

### АКТИВИРАЈ СЕ!

02

Преку нашите активни повици за тренинзи, настани и ангажмани во земјата и надвор

### РАЗВИЈ СЕ!

03

Преку годишните програми за наставници и млади на **LEAD**

# ИНТЕГРАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА **ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ**

Животните вештини заедно со вештините за писменост претставуваат еден од најважните столбови во образованието на една единка. Во оваа насока, ЛЕАД во изминатата година активно работеше на интеграција и промоција на животните вештини, преку следниве активности:

## УЧИЛИШТЕ ЗА **ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ**

Училиште за животни вештини (УЖВ) е практична и директно применлива образовна програма изградена од очекувањата на младите и потребите на деловниот сектор. Истата опфати 50 млади, на возраст од 15 до 29 години. Во рамки на оваа активност:

- Реализиравме 12 дводневни обуки за млади за стекнување на животни вештини и личен развој, комуникациски и презентациски вештини, вештини за наоѓање работа, вештини за работа во тим, вештини за менаџирање на време и конфликти, како и вештини за креативно и критичко размислување;
- Ги зајакнавме капацитетите на 50 млади на возраст од 15 до 29 години, кои земаа учество во обуките;
- Овозможивме едномесечна пракса за 5 млади кои беа дел од обуките, во нашите партнерски организации и компании;






# ИНТЕГРАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА **ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ**

## ИНТЕГРАЦИЈА НА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ **ВО ФОРМАЛНО- ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС**

Како застапувачка активност за промоција на идејата за интеграција на животните вештини во формално-образовниот процес, организиравме он-лајн конференција која имаше за цел да го актуелизира прашањето за унапредување на можностите за стекнување на животни вештини, во рамки на формално- образовниот систем во нашата земја. Конференцијата се состоеше од два дела:

- Дискусија за важноста од интеграција на животните вештини во формално-образовниот процес;
- Работни групи за креирање препораки за интегрирање на животните вештини во образовниот систем.






Како уште една застапувачка алатка која ја креиравме беше документот за јавни политики „Како од образование базирано на факти, до образование базирано на вештини?“

Документот за јавни политики беше дисеминиран преку нашите канали за комуникација и до релевантните чинители.



# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО СО ФОКУС НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Со воведување на моделот на далечинско учење, поради настанатата состојба поврзана со ширењето на вирусот КОВИД-19, кај наставниците се јави голема потреба за можности преку кои ќе ги зајакнат своите дигитални вештини, но и вештините за користење на нови, интерактивни методи на предавање и работа. За да ги задоволиме овие потреби, ги спроведовме следниве активности:

## БЕСПЛАТНА ОН-ЛАЈН СЕСИЈА: КОРИСТЕЊЕ НА **ДИГИТАЛНИ АЛАТКИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО**

Бидејќи веруваме дека технологијата може да го подобри и збогати образованиот процес и сакаме да придонесеме истата повеќе да се користи во нашето образование. Во услови кога физички е спречен образовниот процес, принудени сме да се насочиме кон онлајн алатките.

За таа цел, организиравме бесплатна онлајн сесија за користење на дигитални алатки во образованието, на која присуствуваа повеќе од 80 наставници кои се дел од средно и основно образование во нашата земја.

## ПРЕДИЗВИЦИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА МОДЕЛОТ НА ДАЛЕЧИНСКО УЧЕЊЕ ВО ВРЕМЕ **НА КОВИД-19, ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

По завршувањето на второто полугодие од учебната 2019/2020 година, а имајќи предвид дека моделот на далечинско учење ќе продолжи и во новата учебна година, со ова истражување сакавме да дадеме свој придонес пред сè кон подобрување на искористеноста на дигиталните алатки и подобрување на практиките за далечинско учење во услови на спреченост на редовната настава. Истражувањето, беше насочено кон неколку главни области:

- Искористеност на дигиталните алатки пред започнување на кризата;
- Истражување како се одвиваше наставата на далечина;
- Проценка на компетенциите на наставниците; Технички и дигитални услови за спроведување настава;
- Улогата на институциите, Министерството за образование и наука и средните училишта реализирање на далечинското учење;
- Препораки за унапредување на наставата на далечина во иднина.



# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО СО ФОКУС НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА

## ИНСПИРИРАЈ РАЗВОЈ: ПРОГРАМА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ **НА ДИГИТАЛНИТЕ ВЕШТИНИ КАЈ НАСТАВНИЦИТЕ**

За дополнително да ги дигиталните вештини на наставниците од средните училишта, креиравме едномесечна програма за наставници, која опфати:



- Три еднодневни онлајн тренинг модули, секоја со времетраење од 3 часа на следниве теми: користење на дигитални платформи и алатки во настава, адресирање на предизвици во спроведување на онлајн настава и поттикнување ученичко учество за време на онлајн настава;
- Учество на 37 наставника од 23 средни училишта од 14 различни градови во нашата земја кои ги зајакнаа своите дигитални вештини и вештини за спроведување на настава на далечина;
- Практична примена на наученото, каде учесниците имаа можност да организираат и спроведат дисеминаторска сесија со свои колеги- наставници, пренесувајќи го знаењето стекнато во рамки на програмата.

## НЕ! НАСИЛСТВО

Насилството како еден од предизвиците со кои се соочува образовниот систем во Македонија во последните години зазема се' поголеми размери. Насилството во воспитно-образовните институции е предизвик за кој постојат механизми и протоколи за справување со истиот, но сепак истите се застарени

Токму затоа, започнавме со имплементација на проектот „Не! Насилство", кој има за цел дада придонесе кон создавање на безбедни училишни средини преку партиципативност на ученици, наставен кадар и училишни служби.

Самиот проект предвидува:

- Намалување на насилството во училиштата преку изработка на правилник и протокол за постапување во случај на насилство.
- Зајакнување на капацитетите на педагози/психолози и ученици за постапување во случаи на насилство.
- Креирање на отворена средина за поддршка во училишните средини преку формирање на anti-bullying клубови во 10 училишта.



# ПОЛИТИКИ И АКТИВНОСТИ **ЗА МЛАДИ**

## КАКВИ МЕРКИ СЕ КРОЈАТ **ЗА МЛАДИТЕ?**

Со цел да увидиме колку и какви ветувања се правени за младие и во нивно име од страна на политичките партии и дали младите знаат да ги протолкуваат и препознаат ветувањата и мерките, ја спроведовме анализата на мерките за младите на политичките партии од парламентарните избори во 2016 година.

Со оваа анализа се обидуваме да оствариме две цели:

- Да им овозможиме на младите луѓе да го препознаат квалитетот и бројот на мерките кои се нуди за нив, за да бидат во можност да донесат одлука заснована на факти при остварување на нивното гласачко право.
- Да поттикнеме квалитетно креирање на мерки и политики за млади од страна на политичките партии, користејќи ги 11-те индикатори за квалитетна младинска политика на Европскиот младински форум.




Анализа на мерките за млади во програмите на политичките партии спроведовме и за парламентарните избори кои се одржаа во 2020 година, во соработкан со Националниот младински совет на Македонија. Преку анализата беа опфатени програмите на 11 политички партии кои учествуваа на парламентарните избори. Анализата опфати два главни аспекта:




- Застапеност на поимот „млади“ во програмите на политичките партии;
- Анализа на програмите на политичките партии низ призма на 11- те индикатори за квалитетна младинска политика.

## КРАТКИ ФИЛМОВИ ЗА ЖИВОТОТ НА МЛАДИТЕ **ВО СКОПЈЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА**

Отворивме можност за младите креативци од град Скопје да го прикажат своето секојдневие и начините на кои се соочуваа со социјалните последици од пандемијата со вирусот КОВИД-19, преку кратки аматерски филмови.

Четири млади од Скопје ги доставија своите кратки аматерски филмови, прикажувајќи различни аспекти од живеењето во Скопје за време на пандемијата. Креираните филмови беа промовирани преку каналите за комуникација на LEAD.

Дополнително, врз основа на гласање на жири комисија, како и преку гласање од страна на пошироката јавност, беше избран најдобар краткометражен филм кој беше награден.

# МРЕЖА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ **НА ОДЛИВ НА МОЗОЦИ**

И во 2020 година продолживме со активности во рамки на Мрежата за спречување на одлив на мозоци. Заедно со останатите членки на Мрежата, во 2020:

## ПРЕПОРАКИ ДО ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО **ПРЕСРЕТ НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ 2020**

Како Мрежа, побаравме од политичките партии во своите изборни програми да опфатат заложби со кои ќе го надградат нивото на кое досега се грижеа за младите во земјата, но и за младите кои веќе ја напуштија, земајќи предвид дека парламентарни избори претставуваат шанса за политичките партии да покажат дека имаат визија како повеќе млади да останат во земјата.

## АНАЛИЗА НА „НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ, СОРАБОТКА И НАМАЛУВАЊЕ НА ОДЛИВОТ **НА ВИСОКООБРАЗОВАНИ И СТРУЧНИ КАДРИ 2013-2020“**

Со цел да увидиме колку институциите работеле и креирале политики за спречување на „одливот на мозоци“ од нашата земја, во рамки на Мрежата за спречување на одлив на мозоци спроведовме анализа на Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообраовани и стручни кадри 2013-2020.

Анализата опфати неколку фази и аспекти:

- Анализа на исполнетост на стратешките цели на Стратегијата;
- Анализа на влијанието на Стратегијата;
- Запознаеност на младите со Стратегијата;
- Дефинирање на препораки врз основа на наодите од анализата




## КОНФЕРЕНЦИЈА „КАКО ИНСТИТУЦИИТЕ СЕ СПРАВИЈА **СО ОДЛИВОТ НА МОЗОЦИ 2013-2020?“**

На конференцијата беше претставена мониторинг анализата на „Националната стратегија за вмрежување, соработка и спречување на одливот на високо образовни и стручни кадри 2013-2020“, а беа креирани и препораки за изработка на нова стратегија, преку учество на присутните во работни групи.